**20151524366**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 август 2015 година.

Бр. 08-3942/1
26 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Член 1

Во Законот за прекршоците против јавниот ред и мир („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2007), во членот 8 став 2 зборовите: „500 до“ се бришат, а зборовите: „200 до 500 евра во денарска противредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“.

Во ставот 3 зборовите: „500 до“ се бришат.

Член 2

Во членот 19 став 2 зборовите: „1.500 до“ се бришат.

Во ставот 3 зборовите: „600 до 800 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“.

Член 3

Во членот 21 алинеја 1 зборовите: „1.500 до“ се бришат.

Во алинејата 2 зборовите: „1.200 евра до“ се бришат.

Во алинејата 3 зборовите: „600 до 1.200 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“.

Член 4

Во членот 22 став 2 зборовите: „800 до“ се бришат, а зборовите: „100 до 400 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30 % од одмерената глоба за правното лице“.

Член 5

Во членот 28 став 2 зборовите: „1.200 до“ се бришат, а зборовите: „600 до 1.500 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“.

Член 6

Во членот 30 став 2 зборовите: „1.200 до“ се бришат, а зборовите: „600 до 1.500 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“.

Член 7

Во членот 32 во ставот 2 зборовите: „500 до“ се бришат, а зборовите: „100 до 400 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30 % од одмерената глоба за правното лице“.

Член 8

Во членот 33 алинеја 1 зборовите: „1.200 до“ се бришат.

Во алинејата 2 зборовите: „1.200 до“ се бришат.

Во алинејата 3 зборовите: „600 до 1.200 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“.

Член 9

Во членот 35 по зборот „лица“ се додаваат зборовите: „или странци“.

Член 10

Во членот 36 по ставот 3 се додаваат три нови става 4, 5 и 6, кои гласат:

„Доставувањето на писмената изготвени од комисијата се врши согласно одредбите од Законот за прекршоците и Законот за општа управна постапка.

Ако живеалиштето на лицето на кое треба да му се достави известување, покана или одлука е непознато за органот чие писмено се доставува, комисијата ќе го објави писменото на веб страницата на Министерството за внатрешни работи и со истекот на осум дена од денот на објавувањето на веб страницата, ќе се смета дека странката е уредно известена за писменото.

Против одлуката на комисијата може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.“.

Член 11

По членот 36 се додава нов член 36-а, кој гласи:

„Член 36-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците.“.

Член 12

Во членот 37 став 2 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „согласно закон“.

Член 13

Во членот 38 став 1 по зборот „закон“ се додаваат зборовите: комисијата на“.

Во ставот 2 зборот „една“ се заменува со зборовите: „три месеци“.

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.